РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 1

| Примено: | 18. 05. 2012 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 1886/1 | | |

Архивски бр. 0306
Рок на чување 7 / трајно
18.05.2012 год. Потпис

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11 и 51/11), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **англиски јазик** за V одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН СЛУХ

# АНГЛИСКИ ЈАЗИК

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## V ОДДЕЛЕНИЕ

# 1. ВОВЕД

Предметот *англиски јазик* како странски јазик е застапен во наставниот план за деветгодишното основно обрзование за учениците со оштетен слух во вториот и третиот развоен период на деветгодишното основно образование почнувајќи од четврто одделение па сé до крајот на деветтото одделение.

Застапеноста на предметот во наставниот план за деветгодишното основно образование се должи на современите тенденции во образовните системи на повеќето земји од Европската Унија, каде што на изучувањето на првиот странски јазик е посветено посебно внимание.

Современата настава по странски јазици за учениците со оштетен слух од 9 до 14 години ја определуваат широко сфатената цел за писмени комуникациски компетенции на странскиот јазик проширени со читачки, социокултурни и интеркултурни компетенции. Наставата е насочена на ученикот како субјект на наставниот процес, неговиот когнитивен-афективно-социјален развој, односно на развојот на неговата самостојност во учењето и стекнување стратегии на учење како основа за доживотно учење.

Предметот англиски јазик во петто одделение се изучува со 2 (два) часа неделно, односно 72 часа годишно и има статус на задолжителен предмет.

## 2. ЦЕЛИ ВО РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД IV ДО VI ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да се мотивира за изучување на англискиот јазик;
- да развива способности за разбирање на едноставни јазични искази;
- да препознава и да разбира зборови и куси едноставни реченици;
- да се оспособува да користи едноставен вокабулар во едноставни јазични искази;
- да се запознае со англиското писмо;
- да се воведе во некои елементи од културата на земјите со англиски говорен јазик.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ЗА V ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да се оспособи визуелно да препознава нови зборови;
- да може писмено да репродуцира зборови и едноставни јазични искази;
- да може да ја препознава графијата на претходно изучените зборови;
- да стекне информации за други култури.

# 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Компонента 1. ЛЕКСИЧКИ ЕДИНИЦИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| *Напомена:* Доколку има остатоци на слух и говорни способности кои овозможуваат именување на поимите, тогаш покрај вежбите кои се однесуваат на поврзување на напишаниот збор со соодветна слика, се организираат и индивидуални вежби на именување и по можност аудитивна перцепција и препознавање на поимите на англиски јазик.<br><br>**Ученикот/ученичката:**<br><br>➢ да го разбере значењето на лексичките единици и да ги репродуцира; | Моето семејство (членови на поширокото и потесното семејство)<br><br>Делови од облека<br><br>Моето тело<br><br>Храна, оброци, јадења и пијалаци | Mum/dad<br><br>Brother/sister<br><br>Uncle/aunt<br><br>A coat, a shirt, a jumper, a T-shirt,socks, a skirt,trousers, shoes<br><br>Shoulders,legs,knees, toes....<br><br>Breakfast/lunch/dinner supper<br><br>bread/butter/hamburger/sandwich/pizza/<br><br>chips/meat/vegetables<br><br>fruit.....<br><br>milk,water,tea,juice..... | Именување (пишување) на членовите на семејството по даден постер, фотографии, флеш карти, цртежи...<br><br>Препознавање на имињата на деловите на облеката преку слики и цртежи и именување, односно поврзување со соодветен поим.<br><br>Посочување на конкретните делови на своето тело, цртање на човечкото тело и слично и именување, односно поврзување со соодветен поим.<br><br>Разговор од типот мојата омилена храна, преку цртежи и игра да се најде омилена храна и пијалак и именување односно поврзување на сликата со соодветниот поим. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ➢ лексичкиот материјал сукцесивно да се проширува и да се повторува. | Бои (изучување на преостанатите бои)<br><br>Празници (лексички единици поврзани со празниците)<br><br>Животни-домашни и диви, одредување на миленичe | pink,grey,brown,purple<br><br>Christmas<br><br>Christmas tree presents/cards/<br><br>Bayrami...Easter (Easter bunny/eggs)... Halloween.....<br><br>Fish, frog, mouse, elephant, rabbit, bear; cat-kitten, dog-puppy, cow-calf, sheep-lamb; Mickey Mouse, Dumbo (the elephant)... | Вежби со боење и именување, односно поврзување на бојата со соодветниот поим.<br><br>Изработување честитки и украси како симболи на секој празник и именување, односно поврзување со соодветниот поим.<br><br>Користење на илустрирани сликовници со домашни и диви животни, именување, односно поврзување со соодветниот поим. |

| Компонента 2. ГРАМАТИЧКИ СТРУКТУРИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>➢ да препознава категорија еднина и множина кај именките;<br>➢ да го разбере значењето на прашалните зборови;<br>➢ да се поттикнува да брои до 20;<br>➢ да го разбере значењето на глаголот to have/have got;<br>➢ да го препознае значењето на присвојната придавка;<br>➢ да го рабере значењето на описните придавки;<br>➢ да го разбере значењето на најфреквентните предлози. | Present s.tense of to be<br>Именки во еднина<br>Именки во множина<br>Прашални зборови<br>Броеви<br>Present s.Tense of to have/have got<br>Присвојни придавки<br>Описни придавки како дел од предметот<br>Предлози | I am, You are<br>He/she/it is<br>They are<br>A pen, a cat<br>Two brothers, two pencils<br>How, where, how many<br>1 - 20<br>I have a dog.<br>She has got black hair<br>My , your, his/her/its<br>Their<br>This is a big dog.<br>Happy,sad,good,bad<br>In, on, under, behind, in front of, up,down | Активности - претставување себеси и другарчињата од одделението.<br>Игри, писмено искажување на поимот, илустрации под кои стојат соодветните лични заменки.<br>Вежби со прикази на предмети во еднина, цртање, боење, бројалки и слично.<br>Вежби од типот пишување и препознавање на прашалните зборови.<br>Игри со броење, цртање и слично.<br>Демонстрација на присвојност преку покажување на предмети од сопствениот училиштен прибор.<br>Вежби со покажување конкретни предмети.<br>Вежби со работа во двојки и лоцирање на предметот со визуелен приказ со одбирање на адекватен предлог. |

| Компонента 3: ЈАЗИЧНИ ФУНКЦИИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:** | Поздравување-отпоздравување | Good morning/afternoon | Вежби за поздравување и отпоздравување според пишан модел и визуелни апликации. |
| ➢ да препознава форми за поздравување и отпоздравување; | Претставување | Good bye | Користење на цртежи, фотографии и флеш картички (пишување на табла). |
| ➢ да умее да се претстави себеси како и своето другарче и семејството; | Честитање на празници и родендени | I am ….. <br> This is Filip… | Цртање и боење свечени картички, пишување на честитки за соодветните пригоди. |
| ➢ да разбере, препознава и применува основни форми на честитање празници и родендени; | Разбирање на заповеди | This is my family | Вежби со користење на заповеди преку слики и текст. |
| ➢ да препознава заповеди; | Разбирање на искази | Merry Christmas, Happy Bayrami, Happy New Year, Happy birthday | Вежби од типот поделување на учениците во две групи и реагирање по дадена сликичка.<br>Издвојување на група ученици што искажува допаѓање/недопаѓање на животни, храна и сл. |
| ➢ да искажува допаѓање и недопаѓање; | Разбирање на опис на галеничиња и други животни | Go, open, close, draw, listen <br> I like/I don't like | Активности со цртање на галеничиња и опишување со гест како и препознавање на напишаниот поим. |
| ➢ да препознава описни придавки. | Опишување на делови од телото | My dog is small <br> My cat is brown <br> My eyes are green | |

**Компонента 4. РАЗБИРАЊЕ (пишување и препознавање на семантичко значење)**

| Цели | Содржини | Примери | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>➢ да ги пишува правилно и да ги препознава лексичките единици предвидени за ова ниво на изучување на јазикот. | Моето семејство, моите другари | Mum, dad<br>brother,sister<br>uncle,aunt | Активности поврзани со пишување на едноставни зборови.<br>Употреба на илустрации и поврзување на сликата со соодветниот поим. |
| | Предмети во училницата | Board, window. chalk, doll, ball | |
| | Бои | Red, black, white, yellow, blue, green… | |
| | Имиња на празници | Christmas, New Year, Easter… | |
| | Родендени | Merry Christmas! | |
| | Домашни миленичиња | Happy birthday! | |
| | Делови на телото | A dog, a cat, a fish… | |
| | Храна | Arm, leg, head, eyes, mouth, nose….. | |
| | Животни | Milk, water, juice, bread, sandwich, pizza, butter | |
| | Празници | Monkey, elephant, tiger, lion,….. | |
| | | Cristmas,New Year,…… | |

**КОМПОНЕНТА 5: КУЛТУРА**

Содржините за култура се застапени во сите компоненти во изучување на јазикот, односно не се изучуваат изолирано како посебна компонента.

Целта е да се создаде сензибилизација за воочување на културолошките разлики преку воспитните и социолошките содржини како основа за развивање на толеранција и емпатија кон другиот и различниот (на пр. преку имиња, празници, игри, бројалки, паралингвистички елементи и др.).

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Во планирањето на наставата за петто одделение предвид се земени содржините во наставните програми по другите предмети кои се изучуваат во петто одделение, односно почитуван е принципот на меѓупредметно поврзување по однос на целите и содржините со акцент на интегрирано поврзување со содржини од мајчин јазик.

Наставата по англиски јазик за учениците на оваа возраст се заснова на мултисензорно (визуелно, аудитивно, тактилно и др.) и холистичко учење кое ги опфаќа когнитивните, афективните и моторните аспекти на учениците, односно наставникот ќе ги интегрира различните компоненти со што јазикот ќе се учи на функционален начин.

Согласно горенаведеното во странскиот јазик не може да се издвојат, односно не може да се планира бројот на часовите по одделни компоненти.

Наспроти карактеристиките на раното изучување на англискиот јазик (IV-V одделение), наставата во повисоките одделенија на основното образование (VI-IX одделение) постапно се ориентира на когнитивното учење со зголемена експликација на јазичните структури со свесна примена на јазичните структури во контекст и постапно воведување на граматичкиот метајазик. Во овој период се настојува воедначено да се развиваат говорната и писмената комуникација. Тоа значи дека се обрнува подеднакво внимание на сите јазични вештини: слушање и читање во рамките на компонентата разбирање, на говорот како од аспект на говорна интеракција, така и од аспект на говорна продукција, т.е. на пишувањето.

Оние ученици кои имаат остатоци на слухот доволни за да се развие елементарно ниво на комуникација треба да се поттикнуваат на изговарање на сите поединечни лексички единици.

*Наставни средства:*

- комплет од одобрен учебнички систем;
- пакет прирачен материјал за наставникот (флеш-карти и др.);
- касетофони/касети со песни (за наглувите ученици); компјутер со соодветен софтвер; ЦД-РОМ, ТВ со ДВД; други извори на учење во непосредната околина - предмети во просторијата каде се изучува англискиот јазик;
- Интернет пристап, образовни софтвери, списанија за наставникот.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

*Следење на постигањата на учениците*

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување). Секоја активност на часот при која учениците ја искажуваат јазичната активност, било на рецептивно, репродуктивно или продуктивно ниво, дава можност за воочување на напредокот и негово вреднување. Тоа значи дека евалвацијата се врши како интегрален дел на самиот наставен час, а не како изолиран чин. Многу е важно при постапките на проверка на знаењето, како и оценувањето на ученикот, тие постапки да не се разликуваат од вообичаените активности на часот, односно учениците не треба посебно да се издвојуваат од групата при проверката на усното јазично реагирање.

**Битно е** поголем акцент да се стави на позитивните аспекти на напредокот на учениците, т.е. на она што ученикот го знае, а не она што не го знае. Важно е секој напредок да се награди соодветно, бидејќи на младите ученици им е потребна повратна информација за остварениот успех, што може да биде усна пофалба или позитивна реакција изразена преку гест или мимика или, пак, со насмевка од страна на наставникот, нацртан цвет и сл.

Вреднувањето на напредокот на учениците ќе се врши бројчано во текот на училишната година при што наставникот има обврска во посебна тетратка континуирано да води забелешки за секој ученик посебно за неговото напредување согласно компонентите на јазикот предвидени со наставната програма за петто одделение. Со цел на родителите да им се овозможи увид во напредувањето на нивните деца и во нивниот процес на учење пожелно е да се воведе *Европско јазично портфолио* кое придонесува учениците да ја развијат свеста како учесници во наставниот процес. Портфолиото ги води кон сфаќање на учењето како процес на стекнување на знаења и вештини во кој активно учествуваат. Притоа ги поттикнува на размислување за успешните стратегии на учење, за проценка на постигнатите знаења и вештини, како и за индивидуалните желби и планови за напредување и учење на странскиот јазик.

На крајот на петто одделение учениците ќе бидат оценети со бројчана оценка.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште, донесен од страна на министерот за образование и наука. Просторните услови и опременоста на училниците за успешна реализација на наставната програма за петто одделение треба да се во согласност со општиот норматив за опременост за реализирање на наставните програми за петто одделение.

Се препорачува, заради полесен визуелен контакт помеѓу учениците, за да слушнат подобро што се зборува и најоддалечениот ученик да има преглед на училницата, клупите да бидат наредени на следниот начин: повеќе клупи доближени заедно, разни варијанти на буквата У, како и преместување и групирање на столчињата по потреба (при драматизација).

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по англиски јазик во петто одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- Завршени студии по англиски јазик и литература - наставна насока, VII/1
- Завршени студии по англиски јазик и книжевност, VII/1.
- Завршени двопредметни студии по македонски и англиски јазик, VII/1.
- Завршени студии по англиски јазик и литература - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на соодветен факултет, VII/1.

**Изготвил:** работна група,
координатор Марија Симонова, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје
**Одобрил:** м-р Митко Чешларов, раководител на сектор во Бирото за развој на образованието - Скопје

## 9. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по **англиски јазик** за петто одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

на ден 10.05.2012

Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр 11-2482/37
15.05 2012 год.
СКОПЈЕ

Министер,

м-р Панче Кралев